

# АВАНТУРИТЕ НА ЈУЛЕ И СТЕВО

## ГО ОТКРИВАМЕ СВЕТОТ НА ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО


Четврток 15:30 ч. Децата едвај чекаат да си одат дома ...
... Зад вратата се слушаат гласови. Уредниците на училишниот весник Блиц, Јуле и Стево, го планираат следното издание.
Блиц, Уредник
Добро, треба да ја избереме главна статија пред да решиме како ќе изгледа весникот.
Хм, размислувавме да напишеме статија за органска храна. Многу луѓе не размислуваат за тоа што јадат.
Тоа е добра идеја! Можеме да претставиме една фарма за органска храна.
Одлична идеја. Ајде да почнеме.
Најдов една. Фарма Ела. Многу е близу до нас.
... Дали би можеле да ве посетиме следниот викенд? ... Одлично! Се гледаме в сабота!
И го сторија токму тоа. Следната сабота двајцата новинари тргнаа кон Фармата Ела.
Баш имаме среќа со времето, ќе можеме да направиме одлични фотографии.
Да, одлично! Мислам дека треба да се симнеме на следната станица!


Автобусот застанува, Јуле и Стево се симнуваат. До фармата претстои уште една кратка прошетка…
Треба само да го следиме знакот…
Фарма Ела 3 км!
Фарма Ела 3 км!
… Прошетката не е толку кратка колку што мислеа дека ќе биде…
Престани да се жалиш. Нели рече дека ти е драго оти времето е толку убаво.
Стигнавме!
Местово е изолирано за живеење.
Јуле и Стево ги очекуваат.
Пристигнавте.
Лесно ли ја најдовте фармава? Има доста за пешачење кога се доаѓа со автобус. Сигурно сте многу гладни по толку одење…
Повелете, влезете.




Добредојдовте на Фармата Ела! Се надевам ќе ми испратите примерок од весникот за да ја прочитам статијата, кога ќе излезе.
Ветено! Но, не можеме да ја напишеме статијата пред да ја разгледаме фармата и собереме материјал за пишување.
Тоа е барем лесно.
Најадени и добро расположени, младите новинари се фаќаат за работа.
Најважната работа за органското земјоделство е принципот на затворен круг. Веројатно е најдобро да ви покажам што сакам да кажам. Ајде да почнеме со шталата. На земјата и е потребно ѓубриво за културите секогаш да имаат доволно хранливи материи. Ние имаме среќа,бидејќи нашата стока ни дава одлично ѓубриво — и тоа без пари!
Помошниците го собираат ѓубривото
Нашите крави не се врзани, можат слободно да се движат наоколу, иако тоа значи дека ми е потребна поголема штала. Во природата на животните е да можат да се движат наоколу. На подот од боксовите има слама. Можете да видите дека токму сега помошникот става свежа слама на местата за спиење.
Овде собираме дел од изметот кога го чистиме подот со црево. Го користиме како течно ѓубриво и го прскаме во полињата. Добро мириса, нели?
Овде завршува останатиот измет. Ова е мешавина од измет и слама. Овој куп измет е едноставно компост, како куповите компост што ги имате во вашите градини.
Да, ние имаме куп компост. Но, не мириса вака лошо како вашиов…


Овој свеж воздух е прекрасен — а потребен им е и на животните, затоа органските производители секогаш се грижат нивната стока да биде надвор и редовно да пасе. Говедата, овците и козите мора да имаат можност да бидат на пасиште секогаш кога времето го дозволува тоа.
Колку грла стока одгледувам зависи од тоа колку земја имам и колку сточна храна можам да одгледам на моето обработливо земјиште. Поголемиот дел од храната за животните морам самиот да ја произведам. Инаку, мојата фарма не би била органска. Ако земете предвид дека во лето една крава дневно изедува до 75 килограми свежа трева, можете да замислите колку сточна храна ми е потребна зимно време за стадо од 60 здрави крави. Некои од културите што ги одгледувам ги користам како сточна храна. Сламата од културите се користи во шталата. Оваа слама, кога ќе се измеша со изметот од кравите, се користи како ѓубриво на нивите. Тоа е затворениот круг за кој ви кажував. Отпад речиси и немаме.
... муууууу ...
... мууууу ...
... мууууу ...
Јуле забележува дека речиси на ниедно поле не расте иста култура.
Кои култури ги одгледувате?
Пченка, компир, житарки, репки и зеленчук. На секоја нива, секоја година, одгледуваме различна култура. Тоа се вика ротирање на културите. Тоа е уште еден корисен систем.
Мммм, вкусно...


Ако ги ротираме културите, земјата и културите остануваат здрави, и имаме помалку проблеми со коров и инсекти. А и на свињите им се допаѓа оти така добиваат разнолика храна.
Свињи? Каде се?
Во мала кочина зад шталата. И тие најчесто се надвор. Но, сега градиме ново засолниште за нив, а тоа уште не е завршено. Затоа денес мора да останат во кочината. Ако ги пуштам надвор на ова време, без никаква сенка, ќе изгорат од сонцето.
Перо, какви се овие крави? Никогаш порано не сум видел вакви крави.
Ова е многу стара сорта крави. Пред неколку стотици години тие биле единствената сорта крави што можела да се види во овој регион.Помали се од црно-белата крава што ви е веројатно позната. Исто така, и приностите од млеко и месо се помали. Но, тие се подобро прилагодени на нашите климатски услови. Моите крави речиси никогаш не се болни, а сите телиња се отелуваат овде, надвор.
Слободно шетаат наоколу каде што сакаат и јадат колку што им се јаде. Здрави се бидејќи физички се многу активни и јадат храна богата со влакна.



клик
клик
Млекара Полско цвеќе повикува
Веќе стигнавте? Добро, тогаш ќе мора да побрзаме!
Перо им се јавува на помошниците во шталата. Ќе мора да помогнат да ги донесат кравите назад на молзење.
Слушнавте. Цистерната за млеко веќе чека. Ќе мора да ги измолземе кравите во рекордно време. Дали сакате да ме чекате на фармата?
Може да помогнете ако сакате. Би сакале ли...?
Да, Перо! Ајде да видиме каков каубоец е Стево!






?!!
Перо само го задева Стево. На органска фарма нема потреба од ласо и коњи.
Кравите знаат дека ќе бидат молзени и се радуваат на молзењето. Секоја од нив има меѓу 7 и 17 литри млеко во вимето.
Столе, помошникот, успева сам да ги тера кравите накај шталата. На Стево очигледно му олеснува. Но сепак, има еден проблем.
25 и 26 ...
Перо, има само 27 крави наместо 30.


Каде би можеле да бидат, што мислите? Мислам дека е најдобро да одите покрај оградата на имотот и да го барате местото од каде што избегале. Јас ќе почнам со молзење...
Што е она таму?
пиу
пиу
Еве како излегле! Паднато дрво! Сигурно паднало кога имаше невреме минатата недела.
Очигледно сакале повеќе слобода отколку што веќе имаат!
Ајде! Побрзајте! Ве чекаат во шталата!
Ќе мора кравите да ги тераме назад пешки, а потоа пешки да се вратиме по оваа жештина!




Леле мајко! Цистерната за млеко веќе е таму! .
Овде сте. Ги најдовте бегалците?
Се разбира. Можеш да сметаш на нас!
Гледајте сега, ако сакате да дознаете како млекото од кравите стигнува во картонските пакувањата што ги купувате во продавница.
клик
клик
Од машината за молзење, млекото се пренесува во резервоарот за млеко од каде се собира еднаш дневно за да се однесе во млекарата.
... а цистерната го носи во млекарата.


Вие сте новите помошници на Перо?
Не, ние сме овде за да напишеме статија за нашиот училишен весник.
За што пишувате? За млекото?
И за млекото. Но, статијата е за органско земјоделство, а млекото е дел од тоа.
Ако сакате да дознаете што се случува со млекото потоа, добредојдени сте утре да ја посетите млекарата.
Навистина? Па тоа е фантастично! На патот до супермаркетот, што се случува со млекото? Од крава до тетрапак. Од млеко до сирење... Стево, ова ќе биде најдобрата статија што некогаш сме ја напишале!
Не е секогаш вакво... но има право. Не се добива често вакава можност. Утре, кое време би можеле да дојдеме?
Утре на ручек, Јуле и Стево ќе одат во млекарата. И двајцата се радуваат на оваа можност. А сега, завршува еден возбудлив ден.
И веќе се многу уморни.
Леле колку уморно изгледате! Тоа е од овој здрав селски воздух. Ајде да ви покажам каде ќе спиете вечерва!
Кој е уморен?...




Двајцата новинари ќе ја преспијат ноќта во сено.
Ова не би бил вистински викенд на фарма ако немате можност да спиете на сено од амбар. Патем, ова е органско сено. Ако вечерва ве чеша сеното, нема да биде поради хемикалии, бидејќи нема...
Изгледа како секое друго сено. Што го прави органско?
Веќе ви кажав дека сам произведувам сè што ми е потребно за стоката, овде на фармата.
Затворениот круг?
Точно. Веќе видовте една половина од кругот. Животните ги произведуваат ѓубривата за нивите. Сламата што ја гледате овде е тоа што останува од жетвата на пченицата. Овде ја складираме за да можеме да ја користиме за легла во шталата и во кочината. Потоа, од шталата оди во купот со измет за да можеме да ја користиме како ѓубриво на нивите.
Ајде да замислиме дека користам минерални ѓубрива и синтетички пестициди. Дождот може да ги однесе во подземната вода. Постепено, по неколку години, нашата вода за пиење ќе содржи многу нитрати или дури и нитрити, и други различни пестициди, или најлоши комбинации на пестициди. Нашите зеленчуци, пченката, житарките и храната за животните ќе содржат остатоци од различните пестициди што сме ги употребиле. На таков начин ќе можеме да произведеме повеќе, но не знаеме дали нашите крави ќе бидат толку здрави колку што се сега.


Денот на фармата почнува рано.
кукурику -ууу -ууу
Дали спиевте добро?
Како труп. Да не ни стави нешто во храната вчера? Мислам дека заспав уште пред да ја ставам главата на перница.
Не, тоа е една од тајните на органското земјоделство. Во храната нема ништо што не би требало да биде во неа. Едноставно имавте долг и напорен ден. А истото ве чека и денес...
Така е! Одиме во млекарата! Чекај! Како ќе стигнеме до таму, Стево?
Јас ќе ве однесам со кола. Да не бевте вчера овде веројатно немаше да ги најдеме изгубените крави толку брзу. Вие ми помогнавте да ги најдеме кравите, па јас денес ќе ви помогнам да стигнете до млекарата. Моите помошници ќе ја поправат оградата до ручек. Потоа, можеме да одиме во млекарата.
Ох, благодарам Перо! Прекрасен си!
Благодарам на комплиментот, млада дамо. Сега јади за да имаш доволно енергија за нашата екскурзија!
Дали отсекогаш сакаше органско земјоделство, Перо?
Дали млекото секогаш го носиш во истата млекара?
А кога кравата има теле? Дали и тогаш ја молзеш?




Ова е единствената органска млекара во регионов. Затоа има редица. На картонските пакувања се става органски печат само ако млекото потекнува од фарма како мојата. Контролите се многу строги.
Човекот што вчера ја возеше цистерната за млеко ја здогледува колата и доаѓа да се поздрави со нив.
Нашите важни гости пристигнаа! Значи, мораше да дојде печатот за да излезеш од фармата, Перо? Добре дојдовте и на двајцата. Драго ми е што сте овде.
Една вработена во млекарата се согласи да ги прошета новинарите низ млекарата.
Здраво. Појдете со мене.
Млекото не го претураме едноставно од цистерните во картонски пакувања. Ова е нашата лабораторија. Со инструментите го анализираме млекото и проверуваме колкумаснотија и протеини содржи и дали е здрави. Можеме да видиме колку е чисто млекото и на прв поглед можеме да видиме како се чувани кравите. Органското млеко содржимногу повисоко ниво незаситени масни киселини отколку вообичаеното млеко, но тоа не е тест што го правиме овде. Тоа се први во посебни лаборатории, на пример во универзитетите.
Ова е погонот за сирење. Навистина се гордееме со него. Нашето сирење има добиено многу награди.И јас верувам дека ги заслужува, бидејќи доаѓа од среќни крави кои цел ден го минуваат надвор на сончева светлина, и се хранат со сочна трева и растенија. Затоа, сирењето што е произведено од нивното млеко мора да е посебно...
Следната станица во нашата тура е погонот за сирење.


Турата завршува кај линијата за полнење јогурт.
Овде јогуртот се полни во стаклена и картонска амбалажа. Во органските производи не се дозволени вештачки бои и вкусови. Затоа, нашиот јогурт од јагода има вкус на јагода, а не на бонбони од јагода.
Еве малку јогурт да си понесете со вас и да си го пробате дома.
Што значи ова лого?
Ова? Тоа е новиот знак на ЕУ за органски производи. Добро е што постои бидејќи сега секогаш знаете дека производот што има ваков знак е произведен органски. А органски значи дека најмалку 95% од сите состојки од земјоделско потекло се произведени органски. Потрошувачите низ цела Европа можат со сигурност да знаат што јадат.
Перо чека кај капијата и разговара со дректорот на млекарата.
Еве ги твоите двајца новинари, Перо.
Тие се.
Благодариме што ни дозволивте да разгледаме.
Перо, види што ни дадоа. Направено е од твоето млеко.
Дали добивте одговор на сите ваши прашања?




Не, останаа уште многу прашања да бидат поставени на враќање од млекарата.
Перо, што правиш ако има инсекти на нивите што ти ги јадат културите?
Прво размислувам за проблемот. Очигледно, не можам да ги нападнам со хемиски средства. Но, можам да применам неколку трикови. На пример, биолошки инсектициди. Или, им објавувам војна на инсектите и ги оставам нивните природни непријатели да ги уништат...
Патувањето е кратко и тие брзо се враќаат на фармата на Перо.
Кога заминува вашиот автобус? Да ве однесам подоцна на автобуската станица?
Ајде тогаш, спакувајте се...
Ох да, те молам! Не сакам повторно да го пешачам тој пат.
Време е за збогување.
Добредојдени сте да ме посетите кога сакате. Зошто да не дојдете повторно за неколку недели? Тогаш ќе можам да ви покажам неколку телиња.
Благодариме Перо! Навистина уживавме овој викенд!


Јуле веќе ја пишува статијата за училишниот весник во својата глава.
Ќе биде одлична. И лесно е да се види кои производи се органски. Треба само да го бараш знакот.
Доволно беше истражување. Сега е време да се напише статијата.
Ќе напишам дека знакот ги поедноставува работите. Само замисли дека си во супермаркет, а таму, на полиците има стотици јогурти. Сега, на прв поглед, можеш да распознаеш кои од нив се органски...
Одобрувањето од уредничкиот одбор е последната препрека што статијата треба да ја помине. Уредничкиот одбор е тест за тоа колку е добра статијата.
... а на почетокот од 2007 г., 36.000 производи од 2000 компании веќе го имаа органскиот печат на ЕУ. И постојано има нови производи што го добиваат... Ммм, толку.
Одлично!
И јас така мислам. Долго време не сме имале волку добра статија во нашиот весник. Возбудлива е и информативна. Тому таква ми се допаѓа...
Следното издание на училишниот весник „Блиц“ излегува за две седмици. Стево и Јуле добија цели две страници за нивната статија.
Јуле и Стево наздравуваат за својот успех со органско млеко.
За нас! Новите најдобри училишни новинари!
А за што ќе биде нашата следна статија? Зелена електрична енергија?



ИМПРИНТ

Уредник

European Commission
Directorate-General for Agriculture and Rural Development
Rue de la Loi 200
1049 Brussels, Belgium

http://ec.europa.eu/agriculture/

Концепт и форматирање

MEDIA CONSULTA
International Holding AG
Wassergasse 3
10179 Berlin, Germany

http://media-consulta.com

Publications Office
Publications.europa.eu

MK-31-11-211-MK-C